АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: | 17-07-2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица Njësia org. | Број Numër | Прилог Shtesë | Вредност Vlerë |
| 10 | 3588 | 1 | |

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 3 јуни 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 17 јули 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум);
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците);
   - **Упатство за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците** (Бр.01-4443/1 од 09.10.2018 година);
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер);

6. **Претходно изречена мерка:** Нема;

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, емитуван на 3 јуни 2019 година, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 14 од Законот за медиуми**.

Во дел од програмите емитувани на 3 јуни 2019 година, не се објавени податоците со кои: се идентификуваат авторите што учествувале во подготовката на аудиовизуелните содржини, за носителот на авторските права, за одговорниот уредник / уредниците на програмите, за потеклото и за датумот на продукција на аудиовизуелните дела, името на медиумот од каде што е преземена содржината

итн., што радиодифузерот е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

Спротивно на точка 6 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во емисиите „Кажаа за бизнисот", „Бушави глави", „Stand up Macedonia – Умри машки 1 – Ај контакт", ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот - авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата. Во изданието на емисијата „Синергија" на одјавна шпица не се целосно објавени податоците за импресумот.

3.06.2019

| Наслов на емисија | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | **Почеток** | **Крај** | |
| Кажаа за бизнисот | 06:40:51 | 06:47:45 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица не се објавени податоците за импресумот – за авторската, реализаторска екипа, податоците за уредништвото и за датумот на продукцијата. |
| Бушави глави | 07:25:44 | 07:27:20 | |
| Бушави глави | 08:18:54 | 08:21:31 | |
| Бушави глави | 08:35:59 | 08:37:57 | |
| Бушави глави | 09:12:07 | 09:13:37 | |
| Бушави глави | 09:49:55 | 09:51:25 | |
| Бушави глави | 13:44:01 | 13:45:58 | |
| Бушави глави | 15:29:19 | 15:30:48 | |
| Бушави глави | 15:59:12 | 16:00:49 | |
| Бушави глави | 17:22:09 | 17:24:45 | |
| Бушави глави | 22:26:45 | 22:28:43 | |
| Бушави глави | 22:57:40 | 22:59:09 | |
| Stand up Macedonia – Умри машки 1 – Ај контакт | 22:59:28 | 23:12:03 | |
| Бушави глави | 23:19:56 | 23:21:26 | |
| Синергија *(самосвест на работното место)* | 22:29:02 | 22:57:02 | Ниту на најавна, ниту на одјавна шпица, не се целосно објавени податоците за импресумот |

Спротивно на точка 10 од Упатството за исполнување на обврските за импресум и информации достапни за корисниците, во документарната програма “Празникот на Света Троица, Педесетница”, не се објавени податоци за импресум, односно не е емитувана оригиналната шпица на програмата.

3.06.2019

| Наслов на емисијата | Период на емитување | | Опис на прекршувањето |
|---|---|---|---|
| | **почеток** | **крај** | |
| “Празникот на Света Троица, Педесетница” | 15:09:45 | 15:19:38 | Во програмата од туѓо производство не е емитувана оригиналната одјавна шпица |

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на членот 14 од Законот за медиуми**, телевизискиот програмски сервис на Радиодифузното Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, во емитуваните програми на 3 јуни 2019 година, не ги објави податоците што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја содржина од програмскиот сервис.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Радиодифузно Друштво НАША ТВ ДООЕЛ - Скопје, и во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 45 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***